РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за информатичко општество
и администрација
бр. 02-4283/9
13.08 2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 23, став 4 од Законот за заштита на личните податоци (Службен весник на Република Македонија бр. 7/05 и 103/08), а во врска со член 7 и член 19, став 2 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци 02-4283/1 од 13.07.2018, министерот за информатичко општество и администрација, донесе:

# УПАТСТВО
# ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ЛИЦА ОВЛАСТЕНИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

## Член 1

Со ова упатство се пропишува начинот на водење евиденција за лица овластени за вршење на обработка на личните податоци во министерството за информатичко општество и администрација.

## Член 2

Лица овластени за вршење на обработка на личните податоци во министерството за информатичко општество и администрација во смисла на ова упатство се лицата вработени или ангажирани во министерството за информатичко општество и администрација кои имаат пристап до документи кои содржат лични податоци и до информатичко комуникациската опрема.

## Член 3

За обработка на лични податоци во министерството за информатичко општество и администрација, министерот донесува решенија.

## Член 4

За издадените решенија од член 3 на ова упатство, во министерството за информатичко општество и администрација се води евиденција која ги содржи следните податоци:

1. Реден број,
2. Име и презиме и работно место на овластеното лице,
3. Вид на овластување,

4. Број и датум на решението,
5. Забелешка.
Евиденцијата од став 1 на овој член ја води офицерот за заштита на личните податоци во Министерството за информатичко општество и администрација.
Евиденцијата од ставот 1 на овој член се води на Образец бр. 1 кој се составен дел на ова упатство.

Член 5

Ова упатство влегува во сила со денот на неговото донесување.

Министер за
информатичко општество
и администрација

Дамјан Манчевски

Образец бр. 1

# ЕВИДЕНЦИЈА НА ОВЛАСТЕНИ ЛИЦА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА ЗА ВРШЕЊЕ НА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

| Р. бр. | Име и презиме | Работно место | Вид на овластување (обработка на лични податоци или пренесување на медиум-вид на медиум) | Број на решение | Датум на решение | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |